**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Јакимовска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Гостивар и Кичево**
**ул. Никола Тесла бр. 1**
**тел. 042 221-510**

**Образец бр.66**

**И.бр.444/11**

Извршителот **Весна Јакимовска** од **Гостивар** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Охридска Банка АД Охрид а сега Шпаркасе Банка АД Скопје** , засновано на извршната исправа ОДУ.бр.1114/08 од 21.8.2008 на Нотар Зулфиќар Сејфулаи, против должникот **Биг Бос ТП Имер Рамадан Незири** и заложен должник Имер Незири од Гостивар, за спроведување на извршување реализација на заложно право, на ден 22.11.2024 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА Втора УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: Лист Б КП 6507 дел 1, в.м Гостивар, култура гз, гиз 89 м2.

КП бр. 6507 дел 1, в.м. Гостивар, култура гз, гиз 78 м2

КП бр. 6507 дел 1, в.м. Гостивар, култура гз, гиз 12 и

Лист В

КП.бр.6507/1, згр.1, вл.01, кат.01, стан.02, намена на зграда 00509, м.в Ж.Брајкоски, во површина од 5 м2,

КП.бр.6507/1, дел.1, згр.1, вл.01, кат.1, стан.2, намена на зграда 00513, м.в Ж.Брајкоски во површина од 55 м2,

КП.бр.6507/1, дел.1, згр.1, вл.01, кат.ПО, стан.03, намена на зграда 00511, м.в Ж.Брајкоски, во површина од 46 м2,

КП.бр.6507/1, згр.1, вл.01, кат.СУ, стан.01, намена на зграда 00509, м.в.Ж Брајкоски, во површина од 9 м2,

КП.бр.6507/1, згр.1, вл.01, кат.СУ, стан.01, намена на зграда 00513, м.в.Ж Брајкоски во површина од 58 м2 ,запишана во имотен лист/ бр. 75997 КО Гостивар 2 , сопственост на заложниот должник Имер Незири.

Продажбата ќе се одржи на ден 10.12.2024_година во 10.00_часот во просториите на извршител Весна Јакимовска на ул. Никола Тесла бр. 1 Гостивар.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот а сега намалена согласно закон а по предлог на доверител, за втора продажба изнесува 3.000.000,00_денари, под која недвижноста не може да се продаде на ова јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености хипотека. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно еден ден пред продажбата положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001513764435 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5007007126851.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15_дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска

Д.-на: доверител, заложен должник,

Општина Гостивар

Архива на извршител

_________________

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Гостивар согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.